**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-752/3
Датум: 28.3.2012 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 63 став 1, алинеја 3 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2010 и 99/2009, 115/2010, 17/2011), член 189 став 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 116 од 30 март 2009 година), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 28.03.2012 година донесе

# О Д Л У К А

за отпочнување на постапка за избор на декан

1. Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје отпочнува постапка за избор на декан во мандатниот период 15.9.2012 до 14.9.2016 година.

2. Се формира Изборна комисија од три члена, во состав:
-проф. д-р Марија Кацарска, претседател,
-проф. д-р Гога Цветковски, член
-проф. д-р Александар Ристески, член.

3. Пријавувањето на кандидатите започнува од денот на донесувањето на оваа одлука и трае до 27. април 2012 година.

4. Пријавените кандидати, преку архивата на Факултетот, до Изборната комисија од точка 2 на оваа одлука, доставуваат пријава и програма за работа за мандатниот период од точка 1 на оваа одлука.

5. Изборната комисија ги доставува документите од точка 4 на оваа одлука до членовите на наставно-научниот совет на Факултетот во рок од три дена од денот на добивањето на истите.

6. Наставно-научниот совет, на седницата што ќе ја одржи во мај 2012 година ќе се изјасни, со тајно гласање, што ќе го спроведе Изборната комисија од точка 2 на оваа одлука.

7. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата на ФЕИТ, огласна табла, секретар и архивата на ФЕИТ.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Македонија СКОПЈЕ

Декан
Проф. д-р Миле Станковски